Институт за човекови права

Canada

# ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА РОМИ СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА **ДЕВОЈЧИЊАТА РОМКИ**



Институт за човекови права

# ПРАВОТО НА ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦАТА РОМИ СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА **ДЕВОЈЧИЊАТА РОМКИ**

Скопје, февруари 2016

**Правото на образование на децата Роми со посебен фокус на девојчињата Ромки**

Издавач:
**Здружение на граѓани Институт за човекови права, Скопје**

За издавачот:
**Маргарита Цаца Николовска**

Автори:
**Ирена Цуцулоска**
**Кристина Дода**

Уредници:
**Џенифер Џеладин**
**Маја Стојаноска**

Лектура:
**Татјана Стојановска**

Дизајн и печатење
**Аркус дизајн ДОО**

Тираж
**250 примероци** (Бесплатен/некомерцијален тираж)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.733(=214.5:497.7)

ЦУЦУЛОСКА, Ирена
Правото на образование на децата Роми со посебен фокус на девојчињата Ромки / [автори Ирена Цуцулоска, Кристина Дода]. - Скопје : Здружение на граѓани Институт за човекови права, 2016. - 41 стр. : табели ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65230-6-0
1. Дода, Кристина [автор]
а) Роми - Право на образование - Социјална инклузија - Македонија
COBISS.MK-ID 10061927

Canada

Оваа публикација е изработена во рамките на Проектот „Унапредување на правото на образование на децата Роми со посебен фокус на ромските девојчиња" имплементиран од страна на Институтот за човекови права со помош на Амбасадата на Канада во Србија, Македонија и Црна Гора.

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Институтот за човекови права и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Амбасадата на Канада во Србија, Македонија и Црна Гора.

This publication has been produced within the Project "Improving the right to education on Roma children with a special focus on Roma girls through establishing a long-term mentorship" implemented by Institute for Human Rights with the assistance of the Embassy of Canada to Serbia, Macedonia and Montenegro.

The contents of this publication are the sole responsibility of Institute for Human Rights and can in no way be taken to reflect the views of the Embassy of Canada to Serbia, Macedonia and Montenegro.

# | СОДРЖИНА

**Вовед** ........ 4
**Методологија за реализација на проектот** ........ 6
**I. Законска поставеност на правото на образование и практична примена на вклученоста во образованието на децата Роми во РМ** ........ 7
**II. Преглед на податоци за учениците Роми во основното образование во општините Гази Баба и Ѓорче Петров** ........ 11
**1. Анализа на добиените одговори од прашалниците доставени до основните училишта во Општина Ѓорче Петров и Општина Гази Баба** ........ 12
**2. Анализа на добиените одговори по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер доставени до општините Ѓорче Петров и Општина Гази Баба** ........ 24
**3. Анализа на одговорите на прашалниците за наставниците** ........ 25
**4. Анализа на одговорите на прашалниците на менторите** ........ 26
**5. Анализа на разговорите со родителите на ученици од основните училишта во Општина Ѓорче Петров и Општина Гази Баба** ........ 28
**III. Состојби и предизвици на ромските девојчиња во образовниот процес** ........ 31
**Заклучоци и препораки** ........ 36

**Листа на графикони**

Графикон 1. Број на поднесени прекршочни пријави ........ 17
Графикон 2. Исписници во учебната 2015/2016 ........ 19
Графикон 3. Број на поднесени прекршочни пријави ........ 23

**Листа на табели**

Табела 1. Податоци за вкупниот број на ученици во основните училишта во Општина Ѓорче Петров ........ 13
Табела 2. Податоци за бројот на исписници во ООУ Страшо Пинџур ........ 13
Табела 3. Податоци за бројот на исписници во ООУ Ѓорче Петров ........ 14
Табела 4. Податоци за бројот на исписници во ООУ Мирче Ацев ........ 14
Табела 5. Податоци за бројот на исписници во ООУ Јоаким Крчовски ........ 15
Табела 6. Податоци за бројот на исписници во ООУ Димитри Поп- Георгиев Беровски ........ 15
Табела 7. Податоци за поднесени прекршочни пријави во основните училишта во Општина Ѓорче Петров ........ 16
Табела 8. Вкупен број на ученици во основните училишта во Општина Гази Баба ........ 17
Табела 9. Податоци за бројот на исписници во ООУ Дане Крапчев ........ 18
Табела 10. Податоци за бројот на исписници во ООУ Вера Јоциќ ........ 19
Табела 11. Податоци за бројот на исписници во ООУ Његош ........ 20
Табела 12. Податоци за бројот на исписници во ООУ Стив Наумов ........ 20
Табела 13. Податоци за бројот на исписници во ООУ Крум Тошев ........ 20
Табела 14. Податоци за бројот на исписници во ООУ Крсте Мисирков ........ 21
Табела 15. Податоци за бројот на исписници во ООУ Наум Наумовски- Борче ........ 21
Табела 16. Податоци за бројот на исписници во ООУ Кирил и Методиј ........ 22
Табела 17. Број на прекршочни пријави поднесени во Општина Гази Баба ........ 23
Табела 18. Вкупно број на запишани ученици - Роми по учебна година во основно образование по пол ........ 32
Табела 20. Податоци за малолетнички бракови според етничка припадност во 2013 и 2014 година ........ 33

# | Вовед

Извештаите и истражувањата на повеќето меѓународни и домашни организации и институции во земјава покажуваат дека постои разлика во нивото на образование и на писменост помеѓу ромската заедница и останатата популација. Јазот во писменоста кај возрасните Роми и кај оние што не се Роми е голем. Овој јаз е уште поголем кај ромските и кај нeромските жени.[1] Според индексот за ромската вклученост, спроведен преку истражување на неколку меѓународни организации, разликата помеѓу ромските и нeромските деца во Република Македонија(Р.М.) кои запишуваат основно образование е 23%, додека кај девојчињата оваа разлика изнесува 32%. Разликата во продолжувањето на средното образование помеѓу ромските и нeромски ученици општо, изнесува 43%, додека разликата помеѓу ромските и нeромските девојчиња е дури 53%.[2] Најголем број рани бракови има меѓу ромските деца, особено кај девојчињата кои најчесто рано го напуштаат средното, па дури и основното училиште.

Ромските деца најчесто се одделени во образовниот систем и сегрегацијата во него е сè уште високо видлива. Децата Роми се соочуваат со многу тешкотии во текот на основното образование, а тие, меѓу другото, произлегуваат и од нискиот степен на образованието на нивните родители, како и од нискиот социо - економски статус, а сето тоа има влијание за незадоволителниот интерес за училишните активности, ниските оценки, неможноста редовно да се следи наставата, што понатаму резултира со рано напуштање на училиштата. Од друга страна, се јавува недоволна заинтересираност на институциите активно да се вклучат во подобрувањето на наведената состојба и на квалитетот на образованието, кое пак спречува да се овозможи поттикнување и поголема вклученост на децата од маргинализираните групи, што значи и Ромите, во образовниот процес.

Институтот за човекови права (ИЧП), чија главна мисија е промовирањето, унапредувањето и заштитата на човековите права и слободи, во ноември 2015 година, започна со спроведување на проектот „Унапредување на правото на образование на децата Роми, со посебен фокус на ромските девојчиња“, со цел да ги утврди главните недостатоци со кои децата Роми се соочуваат во основното образование и преку обезбедување менторство и промовирање квалитетно образование се обиде да даде свој придонес кон надминување на проблемот околу интересот на Ромите за образование и намалување на раното напуштање на училиштето, особено на ромските девојчиња.

Во текот на реализацијата на проектните активности, пред сè се обезбедија менторски часови за децата Роми во три училишта, се оствари соработка со одговорните лица во основните училишта во општините Гази Баба и Ѓорче Петров во Скопје, како и со одговорните во самите општини во делот на образованието, а сè со цел подобрување на квалитетот на образованието и утврдување на недостатоците. Беа одржани средби со родителите на децата Роми од овие училишта, а средбите беа од особено значење за утврдувањето на пречките со кои тие се соочуваат во процесот на образованието на децата.

---

1. Истражување на UNDP спроведено во 2011 година. Достапно на: http://www.eurasia.undp.org/content/rbec/en/home/ourwork/sustainable-development/development-planning-and-inclusive-sustainable-growth/roma-in-central-and-southeast-europe/roma-data/

2. Roma Inclusion Index, Decade of Roma inclusion secretariat foundation, 2015

Резултатите од овој проект треба да претставуваат дел од долгорочните активности што треба да бидат преземени од сите чинители, вклучувајќи го граѓанскиот сектор, државните институции од обласа на образованието, општините и училиштата, сè со цел поголема вклученост на ромските деца, особено на девојчињата во образовниот процес, зголемено продолжување на образованието во повисоките степени и намалување на малолетничките бракови.

Анализата „Правото на образование на децата Роми со посебен фокус на девојчињата Ромки" ќе ги сумира информациите собрани во текот на реализацијата на проектот и ќе презентира реална слика на состојбите преку податоците добиени преку слободен пристап на информации од јавен карактер од страна на општините, училиштата и други институции од значење за образованието на децата Роми. Врз основа на наодите од анализата ќе се подготват заклучоци и препораки за подобрувањето на условите кои би овозможиле непречена реализација на правото на образование на децата Роми.

# | Методологија за реализација на проектот

Проектот „Унапредување на правото на образование на децата Роми, со посебен фокус на ромските девојчиња" финансиран од Амбасадата на Канада во Србија, Македонија и Црна Гора, беше реализиран од ИЧП преку спроведување активности во периодот од ноември 2015 заклучно со февруари 2016 година. Активностите имаа за цел да доведат до поголемо разбирање за важноста и за квалитетот на образованието и да придонесат кон намалувањето на раното напуштање на училиштето на учениците Роми, особено на девојчињата Ромки.

Иако истражувањето има поширок опсег, активностите на проектот во главно беа насочени кон две општини на територијата на Скопје и тоа Општина Гази Баба и Општина Ѓорче Петров. Овие општини беа избрани поради тоа што се едни од поголемите општини во главниот град на Република Македонија и воедно во нив има најбројно население од ромска етничка припадност, после Општина Шуто Оризари. Исто така, при изборот на општините од значење ни беше и фактот дека ромското население во овие две општини е распределено во повеќе населби и училиштата во кои децата Роми учат во мешан состав.

Главните активности спроведени во текот на реализацијата на проектот беа:

**Активност број еден:** Како прва активност беше воспоставувањето соработка со општините Гази Баба и Ѓорче Петров во Скопје за обезбедување соработка и добивање дозвола на ИЧП за спроведување на проектните активности со основните училишта на територијата на овие две општини, како и обезбедување понатамошна соработка во однос на размената на податоците поврзани со унапредувањето на правото на образование, особено на децата Роми

**Активност број два:** Втора предвидена и реализирана активност беше воспоставувањето соработка со трите училишта ( „ООУ Његош„ООУ Ѓорче Петров" и „ООУ Страшо Пинџур") во општините Гази Баба и Ѓорче Петров во Скопје. Беа одржани состаноци со директорите, педагозите и наставниците од овие училишта, сè со цел утврдување на потребите на децата за дополнителни менторски часови. Со претставници од училиштата беше потпишан меморандум за соработка, со цел обезбедување понатамошна поддршка за подобрување на образованието на децата Роми во овие училишта. ИЧП воспостави соработка и со Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" Скопје, со кој беше склучен Меморандум за соработка.

**Активност број три:** ИЧП изврши избор на четири ментори/менторки. При изборот предност имаа студенти кои се на крајот на нивните студии. По претходно извршената анализа беше утврдена потреба од спроведување дополнителни менторски часови на теми поврзани со човековите права-детски права, англискиот јазик, македонскиот јазик и математика. Двајца од избраните ментори се студенти на Педагошкиот факултет во Скопје, и беа препорачани од оваа институција. Менторите пред започнувањето на спроведувањето на часовите, имаа обука за човекови права и маргинализирани групи, спроведена од долгогодишни експерти од ИЧП. Со менторските часови беа опфатени вкупно 116 ученици Роми од три училишта на територијата на општините Ѓорче Петров и Гази Баба.

**Активност број четири:** Одржување средби со родителите на ромските ученици во сите три училишта. На средбите беа присутни проектниот тим, претседателката на ИЧП и членови на Управен одбор на ИЧП, и постарите ментори кои имаа за цел да го претстават проектот и да ја истакнат важноста на образованието за целосниот развој на нивните деца. На средбите родителите имаа можност да ги истакнат проблемите со кои се соочуваат во текот на образованието на децата, да ги истакнат своите согледувања и потребите за подобро образование, како и да ги запознаат со правата поврзани со образованието на нивните деца.

**Активност број пет:** Сумирање на информациите собрани во текот на реализацијата на проектот, како и анализа на податоците добиени преку слободен пристап на информации од јавен карактер од страна на општините, училиштата и други институции од значење за образованието на децата Роми. До училиштата беше доставен и прашалник согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со кој побаравме да ни биде даден бројот на ученици, вкупниот број на Роми и нивна родова застапеност, распределбата по одделенија и слично. Во оваа анализа е направен преглед на националната легислатива и на меѓународните стандарди. Оваа анализа, исто така, содржи конкретни заклучоци и препораки добиени преку претходно спроведените активности кои што ќе бидат јавно промовирани.

Имајќи го сево ова на ум, би сакале да им оддадеме признание на општините Ѓорче Петров и Гази Баба и на ООУ Ѓорче Петров, ООУ Страшо Пинџур и ООУ Његош, на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски", на наставниците, на учениците и нивните родители за взаемната успешна соработка и учеството и придонесот во проектот и оваа публикација.

# I. Законска поставеност на правото на образование и практична примена на вклученоста во образованието на децата Роми во Република Македонија

Според Конвенцијата за правата на детето, која што Р.М. ја има ратификувано од 1993 година, не само што државата треба да обезбеди остварување на правата на секое дете, без разлика на пол, раса, религија, етничка припадност, социјално и друго потекло, туку и образованието треба да биде насочено врз развојот на личноста на детето и развојот на надареноста, менталните и физичките способности - до крајни граници, при што детето се подготвува за одговорен живот во слободното општество, во духот на пријателството, разбирањето, мирот, толеранцијата и еднаквоста на половите. Конвенцијата за правата на детето, исто така, предвидува дека државата треба да обезбеди бесплатно и задолжително основно образование за сите и воедно да преземе активни мерки со кои ќе го поттикнува задолжителното присуство на часовите и ќе го намали предвременото напуштање на училиштето.[3]

3. Конвенција за правото на детето, Усвоена на Генерално собрание на Обединети Нации со резолуција 44/25 од 20 ноември 1989. Стапила на сила на 2 септември согласно со членот 49. Достапна на: http://www.ohchr.org/Documents/ProfessionalInterest/crc.pdf, 2015

Во Р.М., Законот за основно образование[4] ги опфаќа повеќето од правата утврдени со меѓународните документи  за правата на детето. Законот предвидува дека секое дете има право на основно образование и се забранува дискриминација по основ на пол, раса, боја на кожа, национална, социјална, политичка, верска, имотна и општествена припадност во остварувањето на правата од основното воспитание и образование, утврдени со закон.[5]
Целите на основното воспитание и образование, според овој закон, се стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование, хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците, соодветно со нивните способности, развивање на писменоста и на способностите за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик и на неговото кирилично писмо, развивање на писменоста и на способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилично писмо, и на јазикот и писмото на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик, развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки. Исто така предвидува, развивање на способности за истражување, експериментирање и решавање на проблемите, вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби, развивање на надареноста на учениците во различни области и унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштитата на животната средина.[6]
Меѓутоа, практичната примена на овој закон и на другите применливи закони од областа на образованието наидува на повеќе пречки во имплементацијата, особено кога станува збор за децата кои потекнуваат од маргинализирани групи. Особено е проблематична инклузијата во образованието на ранливите категории. Образованието во РМ е сведено на бројки и на генерален пристап, односно не се посветува доволно внимание  на различностите, не се обезбедува индивидуален пристап и не постои пристап којшто е родово сензитивен и кој би требало да ја јакне родовата еднаквост во општеството.

Основното образование, иако според Законот е бесплатно за сите, воедно се предвидени и бесплатни учебници[7] и бесплатен јавен превоз за учениците кои живеат на оддалеченост поголема од 2 километри од училиштето,[8] сепак не е предвидена дополнителна финансиска поддршка која што ќе може да им ги покрие останатите трошоци во текот на образованието.  Родителите најчесто се соочуваат со проблеми при обезбедување дополнителни работни тетратки, кои се задолжителни, при обезбедување ужина, и адекватна облека, особено во зимскиот период. Овие проблеми најчесто влијаат на редовното присуство на децата во училиште и на квалитетното извршување на нивните школските обврски .

Како еден од главните недостатоци во образовниот процес се јавува и недоволната ангажираност на наставниот кадар во обезбедувањето на задолжителните предвидени

4. Закон за основното образование, Сл. Весник на Р. Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година

5. ibid, член 2.

6. ibid член 3.

7. Закон за учебници за основно и средно образование, Сл. Весник на Р. Македонија бр 98/08 , чл. 6 (оваа одредба се применува од 1 септември 2009).

8. Закон за основното образование, Сл. Весник на Р. Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година, член 61.

дополнителни часови и дополнителна работа со децата кои имаат тешкотии во изучувањето на предвидениот училишен материјал. Дополнителната работа е од посебна важност, особено за оние деца на кои родителите не можат да им помогнат во совладувањето на материјалот, поради нискиот степен на образование кои тие го поседуваат.

Како главна причина поради која децата Роми најчесто заостануваат во совладувањето на основниот материјал, особено во читањето и пишувањето, е непознавањето на македонскиот јазик. Ова е најчесто последица на непосетувањето претшколска настава, којашто би им го олеснила процесот на адаптација. Посетувањата на ромските деца на програмите за дневна грижа, односно на градинките, се многу помалобројни отколку кај остатокот од населението. Најчеста причина за оваа ситуација е недоволниот број градинки во населените места во кои живее ромското население, одбивањето на градинките да ги примат овие деца, под изговор дека родителите не се во работен однос и понекогаш од неможноста на родителите да ја платат партиципацијата за градинка.

Законот за основно образование предвидува право на изучување на мајчин јазик, меѓутоа предметот *Ромски јазик и култура* најчесто не им е понуден како избор на учениците Роми. Како оправдување за овој проблем властите го истакнуваат недоволниот број наставници кои би можеле да го предаваат овој предмет, меѓутоа не се предвидуваат конкретни решенија за овој проблем и не се воведуваат мерки со кои би се мотивирал овој тип образование помеѓу ромските студенти.

Во изминативе неколку години како причина за напуштање на образованието се истакнува заминувањето на децата со нивните родители во странство, како баратели на азил. Законот за основно образование предвидува на ученикот кој наполнил 15 години да му престане обврската за редовно основно образование со истекот на учебната година. Само по исклучок, по барање на родител или на старател, а по мислење на училишен педагог/психолог, учениците кои се постари од 15 години можат да го продолжат основното образование во истото училиште до навршувањето на 17 години.[9]

Освен задолжителното основно образование, од 2008-2009 академска година задолжително е и средното образование во земјава. Законската регулатива пропишува казни за родителите чии што деца не посетуваат училишна настава. Меѓуттоа, семејствата кои живеат во сиромаштија не се во можност да ги платат казните, коишто се движат од 400 до 700 евра. Овој вид на мерки не ја остваруваат својата цел во ефикасноста на образованието.[10]

Стратегијата за Роми во Р.М. од 2005 година, која произлегува од Декадата на Ромите[11], ја вклучува и интеграцијата и партиципација на Ромите во општеството, вклучително и

9. Закон за основното образование, Сл. Весник на Р. Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година, член 58, став 2.

10. Закон за основното образование, Сл. Весник на Р. Македонија бр.103/08 од 19.08.2008 година, член 172, став 4.

11. Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015, претставува меѓународна иницијатива од страна на европските влади за елиминација на дискриминацијата врз Ромите и затворање на неприфатливите јазови помеѓу Ромите и остатокот од општеството. Декадата се фокусира на приоритетните области на образование, вработување, здравство и домување, и се обврзува владите да ги земат во предвид и другите основни прашања за сиромаштијата, дискриминацијата и родовата еднаквост. Земји кои учествуваа во Декадата се Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Чешка, Унгарија, Македонија, Црна Гора, Романија, Србија, Словачка и Шпанија. Словенија, САД, Норвешка и Молдавија имаат статус на набљудувачи. Повеќе информации достапни на: http://www.romadecade.org/.

инклузијата на Ромите во образовниот процес, која е предвидена како една од главните цели. За разлика од другите области, во областа на образованието е видлив одреден напредок, особено во делот на запишувањето на Ромите во високото образование, кое се должи на предвидените афирмативни мерки.

Во согласност со Стратегијата за Ромите 2005-2015 година, одговорен орган за имплементација на предвидените активности на оваа стратегија во областа на образованието е Министерството за образование и наука. Во рамките на Министерството за образование и наука се формирани Бирото за развој на образованието, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, како и Државниот и просветен инспекторат, што исто така се вклучени во имплементацијата на оваа стратегија.

Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците е формирана во 2003 година и е составена од Одделение за албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик и Одделение за мир и правата на децата на сите заедници. Ова тело предлага и дава поддршка на предлози што се во правец на стратегиско разрешување на проблемите во образованието кај сите етнички заедници, вклучително и Ромите. Преку ова тело, Министерството за образование и наука би можело да ги промовира проблемите со кои се соочува ромската заедница во оваа област во насока на нивно решавање. [12] Надлежните органи заедно со граѓанските организации што работат во областа на заштита на правата на припадниците на ромската етничка заедница и Ромските информативни центри[13] организираат акција за информирање на припадниците на ромската етничка заедница за упис на нивните деца во прво одделение – основно образование и прва година – средно образование на почетокот на секоја учебна. Оваа акција се организира преку информативни работилници и директна посета на припадниците на ромската етничка заедница во нивните домови со цел да се подигне свеста кај родителите преку информирање и помош за упис на нивните деца во основно и средно образование. Според оценката на капацитетите на Ромските информативни центри на ОБСЕ овие центри во делот на образование се активни, но имајќи ја предвид важноста на образованието за потребите на интеграција на младите Роми во општеството и за разбивање на циклусот на сиромаштија, сепак улогата на овие центри треба да биде поактивна.[14]

12. Управата како орган на државната управа во состав на Министерството за образование и наука има цел и се грижи за: потполна примена и реализација на уставните и законските права на припадниците на заедниците во сите степени на образовниот систем, развојот и унапредувањето на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, промовирање на принципите на мултиетничност, кохезија и заедништво меѓу учениците преку поттикнување за изучување на јазикот и културата на Бошњаците, Власите, Србите, Турците и Ромите.

13. Ромските информативни центри (РИЦ) функционираат од месец март 2007 година, а нивното основање е во контекст на владиниот акционен план за "Декадата за вклучување на Ромите, за периодот 2005-2015 година" поради воспоставување на подобри врски, помеѓу ромската заедница и органите на државната власт. Има осум РИЦ, распоредени низ целата земја и тоа во Тетово, Гостивар, Куманово, Битола, Прилеп, Делчево, Штип и Скопје.

14. Доналд Бисон, Оценка на капацитетите на Ромските информативни центри за пружање бесплатна правна помош на ромската заедница, ОБСЕ, 2010.

# II. Преглед на податоците за учениците Роми во основното образование во општините Гази Баба и Ѓорче Петров

Како што беше погоре напомнато, со цел реализација на проектните активности ИЧП склучи меморандум за соработка со општините Ѓорче Петров и Гази Баба, при што остварените средби беа цврста основа за понатамошна соработка кон остварување на заедничките цели. Главната активност на овој проект, менторските дополнителни часови беа реализирани во три основни училишта и тоа ООУ„Страшо Пинџур", ООУ„Ѓорче Петров" од Општина Ѓорче Петров и ООУ„Његош" од Општина Гази Баба. Раководството на овие училишта покажа исклучителна заинтересираност за помош на учениците Роми, особено во однос на подобрувањето на успехот, а при редовната комуникацијата со директорите на училиштата беа споделени информации и секојдневни искуства. Меѓутоа, имаше укажувања дека некои родители од македонска националност сакаа дури да си ги отпишат децата од оваие училиште од причинашто наставничката го распореди нивното дете да седи во клупа со ученик Ром. Дополнително, констатирано беше дека потребна е дополнителна помош за подигање на свеста кај сите родители. Кај неромите за недискриминација и прифаќање на ромските соученици, додека кај Ромите за задолжителност од редовно присуство во наставата.

Потребно е да се напомене дека, иако проектниот тим во овие три училишта наиде на голема желба и отвореност за соработка, тоа не беше случај со сите основни училишта кои беа идентификувани дека ги исполнуваат условите за реализирање на проектните активности. Директорите на некои од училиштата на кои ИЧП им се обрна за соработка, покажаа затвореност и стереотипи кои во никој случај не би требало да се одлика на раководството на една образовна институција. Управата на училиштето со најголем број ученици Роми во регионов одби каков било вид соработка запоставувајќи ги бенефициите кои неговите ученици би ги добилеле од проектов, со изговор дека нема слободни училници, и тие што се слободни се опремени со компјутери и доколку во истата училница се одржат менторските часови, учениците Роми ќе ја украдат компјутерската опрема. Исто така, второто училиште по број на ученици Роми на ниво на град Скопје одби соработка во проектот поради тоа што иако имаше слободни училници даде до знаење дека истите не може да се користат за реализација на менторските часови, меѓутоа доколку ги изнајмиме истите училници, за нивен финансиски бенефит, ќе има можност да се одржуваат дополнителни- менторски часови во тоа училиште. Проектниот тим ги информираше општините за овој однос.

Негативните искуства ја оправдаа потребата од овој вид на проекти и дадоа дополнителна вредност на резултатите на проектот „Унапредување на правото на образование на децата Роми, со посебен фокус на ромските девојчиња".

Остварената соработка со Педагошкиот факултет вроди со плод. Оваа високообразовна институција се понуди да помогна во изнаоѓањето на Роми кои студираат на нивниот факултет и да ни ги предложи со цел менторските часови да се извршат со најдобар квалитет.

# 1. Анализа на добиените одговори од барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер доставени до основните училишта во општините Ѓорче Петров и Гази Баба

Во рамки на проектот беа испратени прашалници до сите седумнаесет основни училишта во општините Гази Баба и Ѓорче Петров, со цел да се добијат податоци околу бројот на запишаните ученици Роми по паралелки и нивниот процент во однос на вкупниот број запишани ученици, бројот на исписници на ученици Роми и нивниот процент во однос на останатите ученици, како и бројот на прекршочни пријави поднесени до родителите на децата од ромска националност. Одговорите на прашалниците, исто така, требаше да покажат дали постојат случаи на интегрирање во редовната настава на децата од ромска националност кои, заедно со родителите, се имаат вратено од западноевропските земји.

Одговори на прашалниците се добиени од сите седумнаесет основни училишта во овие две општини и тоа: ООУ Мирче Ацев, ООУ Ѓорче Петров, ООУ Димитри Поп-Георгиев Беровски, ООУ Страшо Пинџур, ООУ Тихомир Милошевски, ООУ Јоаким Крчовски (во Општина Ѓорче Петров) и ООУ Вера Јоциќ, ООУ Његош, ООУ Стив Наумов, ООУ Крум Тошев, ООУ Кирил и Методиј, ООУ Наум Наумовски- Борче, ООУ Крсте Мисирков, ООУ 25 Мај, ООУ Дане Крапчев и ООУ Глигор Прличев (во Општина Гази Баба).

Според добиените одговори во ООУ Тихомир Милошевски, ООУ 25 Мај и ООУ Глигор Прличев нема запишано деца Роми, па поради тоа во оваа анализа резултатите од прашалниците нема да бидат земени предвид.

Исто така, мора да се напомене дека податоците за исписниците не ја рефлектираат реалноста за бројот на децата кои го напуштиле образованието. Во овој дел од училиштата не добивме точен број за секоја од причините за која се барала исписницата. Најчесто исписница бараат родителите поради промена на живеалиште, префрлување во друго училиште или заради заминување во западно европските држави. Кога ученикот се префрла од едно во друго училиште во земјава, се бара преведница, односно училиштето од кое детето се отпишува треба да добие доказ дека детето ќе биде запишано во друго училиште. Училиштата на кои им беа пратени прашалниците само генерално ги образложиле причините за барање исписница, и прашалниците биле приложени без точни бројки за секоја од нив.

## 1.1. Основното образование на децата Роми во Општина Ѓорче Петров

Во рамки на Општина Ѓорче Петров направена е анализа на прашалниците добиени од следниве основни училишта: ООУ Мирче Ацев, ООУ Ѓорче Петров, ООУ Димитри Поп-Георгиев Беровски, ООУ Страшо Пинџур, ООУ Јоаким Крчовски.

Табела 1. Податоци за вкупниот број на ученици во основните училишта во Општина Ѓорче Петров

| Училиште | Вкупен број на ученици | Број на ученици Роми |
|---|---|---|
| ОУ Јоаким Крчоски | 540 | 7 |
| Димитар Поп Георгиев Беровски | 550 | 1 |
| ОУ Страшо Пинџур | 614 | 159 |
| ОУ Ѓорче Петров | 305 | 35 |
| ОУ Мирче Ацев | 89 | 14 |

- **<u>Податоци за исписници на деца Роми во основните училишта во Општина Ѓорче Петров</u>**

Од добиените резултати од одговорените прашалници може да се констатира дека голем процент од децата за кои се побарани исписници од основните училишта во учебните 2012/13, 2013/14, 2014/15, како и 2015/16 година (досега) се од ромска етничка припадност. Ова особено доаѓа до израз во ООУ Страшо Пинџур, ООУ Ѓорче Петров и ООУ Мирче Ацев, што може да се забележи и од табелите дадени подолу.

Табела 2. Податоци за бројот на исписници во ООУ Страшо Пинџур

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| Број на исписници во учебната 2012/2013г. | 6 | 1 | 5 |
| Број на исписници во учебната 2013/2014г. | 6 | 0 | 6 |
| Број на исписници во учебната 2014/2015г. | 9 | 8 | 1 |
| Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г. | 6 | 6 | 0 |

Доколку ова се прикаже во проценти се добива одговор дека дури 100% од бројот на исписниците, во учебната 2015/16 година, се однесуваат на деца Роми. Во 2014/15 година тој процент изнесува околу 89%, а во 2013/14 година нема случаи на исписници на деца Роми. Ова значи дека сè повеќе се зголемува бројот на испишани ученици Роми во ова училиште.

Табела 3. Податоци за бројот на исписници во ООУ Ѓорче Петров

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013г.** | 6 | 5 | 1 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014г.** | 12 | 7 | 5 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015г.** | 14 | 1 | 13 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | | | |

Доколку се направи анализа на табелата погоре може да се забележи дека во учебната 2012/13 година 83% од учениците што се испишале од училиште се Роми. Во учебната 2013/14 година тој процент изнесува околу 53%, додека во учебната 2014/15 година овој процент опаѓа на 7%. Нема податок за бројот на испишани ученици во досегашниот тек на учебната 2015/16 година.

Табела 4. Податоци за бројот на исписници во ООУ Мирче Ацев

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013г.** | 19 | 9 | 10 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014г.** | 16 | 8 | 8 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015г.** | 18 | 6 | 12 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 13 | 6 | 7 |

Во ООУ Мирче Ацев, во учебната 2012/13 година, имаме околу 47% Роми испишани од училиште. Во учебната 2013/14 година 50% од вкупниот број испишани ученици се Роми. Во учебната 2014/15 година овој процент малку се намалува и изнеува околу 33%, додека пак во досегашниот тек на учебната 2015/16 година имаме околу 46% ученици Роми кои се испишани.

Табела 5. Податоци за бројот на исписници во ООУ Јоаким Крчовски

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013г.** | 1 | | 1 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014г.** | 3 | | 3 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015г.** | 3 | | 3 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 2 | 2 | |

Од анализата на добиените податоци за ООУ Јоаким Крчовски може да се заклучи дека само во учебната 2015/16 година има двајца испишани ученици Роми и тоа е досега и вкупната бројка на испишани ученици воопшто во ова училиште. Во претходните учебни години нема испишани ученици Роми, што се должи на фактот дека во ова училиште има мал број запишани ученици Роми, односно дека од вкупно 540 ученици само 7 Роми (4 од женски пол и 3 од машки пол) се распоредени во различни одделенија.

Табела 6. Податоци за бројот на исписници во ООУ Димитри Поп- Георгиев Беровски

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013г.** | 5 | 0 | 5 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014г.** | 7 | 1 | 6 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015г.** | 10 | 0 | 10 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 18 | 0 | 18 |

Од анализата на бројот на исписници во ООУ Димитри Поп - Георгиев Беровски произлегува дека има само еден испишан ученик од ромска етничка припадност во учебната 2013/14 година, а во останатите учебни години нема испишани ученици Роми. Ова се должи на фактот дека во ова основно училиште има запишано само мал број ученици Роми, односно, според податоците за 2015/16 година, во ова училиште, од вкупно 550 ученици, само еден ученик Ром е запишан во прво одделение.

- **Причини за испишување од училиште на децата Роми и нивното повторно интегрирање во настава**

Сите основни училишта од Општина Ѓорче Петров коишто одговориле на прашалникот, како главна причина за барање исписница од училиштето навеле дека е промената на местото на живеење, односно иселувањето во странство, промената на училиштето или лекување во странство. Од анализата на добиените одговори може да се забележи дека двете исписници во ООУ Јоаким Крчовски, во учебната 2015/16 година, се однесуваат на ученици Роми коишто го прекинале школувањето поради заминување во западно европските земји како економски азиланти, при што не постојат податоци дали тие продолжиле да посетуваат настава во местото во кое биле сместени.

На прашањето дали има случаи на интегрирање во редовната настава на децата од ромска националност кои со нивните родители се имаат вратено од западноевропските земји, во две училишта (ООУ Страшо Пинџур и ООУ Мирче Ацев) одговориле дека постојат такви случаи, при што од ООУ Страшо Пинџур нагласиле дека таквите деца се интегрирани во редовната настава со организирање дополнителна настава, одделенски испит и слично, со цел да им се овозможи и да им се олесни понатамошното школување.

- **Податоци за поднесени прекршочни пријави од училиштето за деца Роми во основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Од добиените резултати во Општина Ѓорче Петров може да се заклучи дека сите прекршочни пријави што се поднесени во ООУ Јоаким Крчоски, ООУ Димитар Поп-Георгиев Беровски, ООУ Страшо Пинџур, се однесуваат на деца Роми.

Табела 7. Податоци за поднесени прекршочни пријави во основните училишта во Општина Ѓорче Петров

| Основно училиште | Вкупен број на прекршочни пријави | Број на прекршочни пријави кои се однесуваат на ученици Роми | Процент на Роми против кои се поднесени прекршочни пријави |
|---|---|---|---|
| ООУ Јоаким Крчоски | 2 | 2 | 100% |
| ООУ Димитар Поп-Георгиев Беровски | 3 | 3 | 100% |
| ООУ Страшо Пинџур | 10 | 10 | 100% |
| ООУ Ѓорче Петров | 12 | 10 | 83,3% |
| ООУ Мирче Ацев | Нема податок | Нема податок | |
| Вкупно | 27 | 25 | 92,6% |

Од вкупниот број поднесени прекршочни пријави во основните училишта во Општина Ѓорче Петров дури 92,6% се однесуваат на ученици Роми, што претставува многу висок процент.




Графикон 1. Број на поднесени прекршочни пријави

## 1.2. Основното образование на децата Роми во Општина Гази Баба

Во рамки на Општина Гази Баба  направена е анализа на прашалниците добиени од следниве основни училишта: ООУ Вера Јоциќ, ООУ Његош, ООУ Стив Наумов, ООУ Крум Тошев, ООУ Кирил и Методиј, ООУ Наум Наумовски- Борче, ООУ Крсте Мисирков и ООУ Дане Крапчев.

Табела 8. Вкупен број на ученици во основните училишта во Општина Гази Баба

| Училиште | Вкупен број на ученици | Број на ученици Роми |
|---|---|---|
| ОУ Дане Крапчев | 857 | 150 |
| ОУ Кирил и Методиј | 468 | 8 |
| ОУ Крсте Мисирков | 656 | 6 |
| ОУ Вера Јоциќ | 522 | 14 |
| У Крум Тошев | 355 | 1 |
| ОУ Стив Наумов | 870 | 13 |
| ОУ Његош - Јурумлери | 590 | 94 |
| ОУ Наум Наумовски-Борче | 575 | 85 |

| | | |
|---|---|---|
| **ОУ Григор Прличев** | 321 | 0 |
| **ОУ 25 Мај** | 1402 | 0 |
| **ОУ Наум Охридски** | 316 | 0 |

Од податоците прикажани во табелата произлегува дека во Општина Гази Баба постојат училишта каде концентрацијата на ученици Роми е голема, меѓутоа оваа појава не може pre se да се категоризира како сегрегација имајќи ја во предвид густата населеност со припадници на ромска етничка заедница во овие делови на општините. Односно, поголемиот број на Роми се запишани во ОУ Дане Крапчев, ОУ Његош – Јурумлери и ОУ Наум Наумовски –Борче што е резултат на малата одалеченост од местото на живеењето на учениците Роми. Во останатите училишта нема воопшто или има многу мал број на запишани ученици Роми.

- **Податоци за исписници на деца Роми од училиште во основните училишта во Општина Гази Баба**

Од добиените резултати од одговорените прашалници може да се констатира дека, е прилично голем процентот на децата од ромска етничка припадност коишто се испишани од основните училишта во учебните 2012/13, 2013/14, 2014/15, како и 2015/16 година (досега). Ова особено доаѓа до израз во ООУ Дане Крапчев, што може да се забележи и од табелите прикажани подолу.

Табела 9. Податоци за бројот на испсници во ООУ Дане Крапчев

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на испсници во учебната 2012/2013 г.** | 20 | 14 | 6 |
| **Број на испсници во учебната 2013/2014 г.** | 29 | 15 | 14 |
| **Број на испсници во учебната 2014/2015 г.** | 19 | 13 | 7 |
| **Досегашен број на испсници во учебната 2015/2016 г.** | 17 | 12 | 5 |

Доколу ова се прикаже во проценти произлегува дека дури 71% од бројот на испсници во учебната 2012/13 година се однесуваат на деца Роми. Во 2013/14 година тој процент изнесува 51,7%, а во 2014/15 година процентот изнесува 68,4%. Досега во 2015/16




Графикон 2. Исписници во учебната 2015/2016

година процентот на испишани Роми изнесува 70,6% во однос на внкупниот број испишани ученици, што претставува многу висок процент.

Табела 10. Податоци за бројот на исписници во ООУ Вера Јоциќ

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | 4 | / | 4 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | 5 | / | 5 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 12 | 3 | 9 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 6 | / | 6 |

Од табелата произлегува дека само во ООУ Вера Јоциќ, во учебната 2014/2015г. има испишани Роми. Нивниот процент, во однос на останатите испишани ученици, изнесува 25%. Помалиот број испишани деца Роми се однесува на фактот дека во ова основно училиште има запишано вкупно 14 Роми, од вкупно запишаните 522 ученици.

Табела 11. Податоци за бројот на исписници во ООУ Његош

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | 13 | 6 | 7 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | 3 | 0 | 3 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 6 | 0 | 6 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 0 | 0 | 0 |

Од податоците добиени од ООУ Његош може да се види дека во учебната 2012/13 година 46% од испишаните ученици се Роми. Во следните години нема ученици Роми испишани од ова училиште.

Табела 12. Податоци за бројот на исписници во ООУ Стив Наумов

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | 10 | / | 10 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | 5 | / | 5 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 4 | / | 4 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 8 | 2 | 6 |

Во ООУ Стив Наумов, во учебните 2012/13, 2013/14 и 2014/15 година нема испишани ученици Роми. Во учебната 2015/16 година има испишано 2 ученика Роми, од вкупно 8 испишани ученици, односно тоа е 25%. Малиот број испишани Роми се должи на тоа што во ова училиште, од вкупно 870 ученици, само 13 ученици се Роми.

Табела 13. Податоци за бројот на исписници во ООУ Крум Тошев

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | / | / | / |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | / | / | / |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 5 | / | 5 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | / | / | / |

Од добиените податоци од ова училиште може да се забележи дека нема ниту еден испишан ученик Ром. Ова се должи на фактот дека од вкупно 46 запишани ученици, само еден ученик е Ром.

Табела 14. Податоци за бројот на исписници во ООУ Крсте Мисирков

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | 9 | / | 9 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | 13 | / | 13 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 17 | / | 17 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 2 | / | 2 |

И во ова училиште немало испишани Роми, коешто, исто така, во голема мера се должи на фактот дека има мал број ученици Роми запишани во ова училиште, односно, од вкупно 77 ученици, само 7 ученици се Роми.

Табела 15. Податоци за бројот на исписници во ООУ Наум Наумовски- Борче

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | 7 | 3 | 4 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | 6 | 1 | 5 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 11 | 1 | 10 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 35 | 9 | 26 |

Доколу ова се прикаже во проценти произлегува дека 42,8% од бројот на исписници во учебната 2012/13 година се однесуваат на деца Роми. Во учебните 2013/14 и 2014/15 година имаме по еден испишан ученик Ром, од вкупно 6, односно 11 ученици во двете учебни години. Досега во 2015/16 година процентот на испишани Роми изнесува 25,7% во однос на внкупниот број испишани ученици.

Табела 16. Податоци за бројот на исписници во ООУ Кирил и Методиј

| Податок | Вкупно | Ученици Роми | Останати |
|---|---|---|---|
| **Број на исписници во учебната 2012/2013 г.** | 6 | | 6 |
| **Број на исписници во учебната 2013/2014 г.** | 3 | 1 | 2 |
| **Број на исписници во учебната 2014/2015 г.** | 5 | | 5 |
| **Досегашен број на исписници во учебната 2015/2016 г.** | 2 | | 2 |

Во ООУ Кирил и Методиј, во учебната 2013/14 година, се има испишано само 1 ученик Ром. Во останатите учебни години нема ученици Роми испишани од ова училиште, што исто така, во голема мера се должи на фактот дека има само 4 ученици Роми, од вкупно 468 запишани ученици.

- **Причини за испишување од училиште на децата Роми и нивно повторно интегрирање во наставата**

Сите основни училишта од Општина Гази Баба коишто одговориле на прашалникот како главна причина за барање исписница од училиштето навеле дека е промената на местото на живеење, односно иселувањето во странство или промената на училиштето.

На прашањето дали има случаи на интегрирање во редовната настава на деца од ромска националност кои со нивните родители се имаат вратено од западноевропските земји, во три училишта (ООУ Наум Наумовски Борче, ООУ Дане Крапчев и ООУ Његош) одговориле дека постојат такви случаи, при што од училиштата нагласиле дека таквите деца се успешно интегрирани во редовната настава.

- **Податоци за поднесени прекршочни пријави за деца Роми во основните училишта во Општина Гази Баба**

Според добиените резултати од Општина Гази Баба може да се заклучи дека голем процент од прекршочните пријави поднесени во ООУ Наум Наумовски Борче, ООУ Његош, ООУ Стив Наумов се однесуваат на децата Роми. Тоа може да се види и од следнава табела:

Табела 17. Број на прекршочни пријави поднесени во Општина Гази Баба

| Основно училиште | Вкупен број прекршочни пријави | Број на прекршочни пријави кои се однесуваат на ученици Роми | Процент на Роми против кои се поднесени прекршочни пријави |
|---|---|---|---|
| ООУ Наум Наумовски Борче | 16 | 15 | 93,7% |
| ООУ Његош | 43 | 16 | 37,2% |
| ООУ Стив Наумов | 7 | 7 | 100% |
| ООУ Крум Тошев | Нема податок | Нема податок | |
| ООУ Крсте Мисирков | Нема податок | Нема податок | |
| ООУ Вера Јоциќ | Нема податок | Нема податок | |
| ООУ Кирил и Методиј | Нема податок | Нема податок | |
| ООУ Дане Крапчев | Нема податок | Нема податок | |
| Вкупно | 66 | 38 | 57,6% |

Од вкупниот број поднесени прекршочни пријави во основните училишта во Општина Гази Баба 57,6% се однесуваат на ученици Роми, што претставува помал процент отколку во Општина Ѓорче Петров, но сепак тоа е многу висок процент.




Графикон 3. Број на поднесени прекршочни пријави

# 2 Анализа на добиените одговори по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер доставени до општините Ѓорче Петров и Гази Баба

Општините Ѓорче Петров и Гази Баба покрај отвореноста за официјалната соработка во врска со овој проект, беа отворени и за споделување информации и дадоа свој детален увид во состојбите на образованието на Ромите во нивните рамки.

ИЧП се обрати до општините Ѓорче Петров и Гази Баба за да добие информации дали имаат стратегија/план и/или дали спроведуваат некои дополнителни мерки за подобрување на родовата еднаквост.

Според добиените информации од Општина Ѓорче Петров, оваа општина има програма за родова еднаквост за 2016 година и акционен план кој треба да се усвои во 2016 година. Оваа општина во Програмата за остварување детски и социјални заштита за 2016 година спроведува дополнителни мерки во однос на надлежност за подобрување на квалитетот на образованието и поголема вклученост на децата кои потекнуваат од малцинствата и од социјално ранливите категории. Во одговорот не е подетално специфицирано какви се тие дополнителни мерки и какви резултати дале истите.

Согласно со добиените податоци од Општина Гази Баба, општината има формирано комисија за родова еднаквост на мажот и жената која на годишно ниво носи програма за работа. Општина Гази Баба нема стратегија/акционен план за подобрување на квалитетот на образованието и за поголема вклученост на децата кои потекнуваат од малцинствата и од социјално ранливи категории, но согласно со своите капацитети и можности активно е вклучена во проекти и активности на кои главна цели им е поголема вклученост на младите кои потекнуваат од етничките малцинства и од социјално ранливи категории. Еден од тие проекти е и проектот „Интегрирање на етничките малцинства на пазарот на трудот преку поттикнување на нивниот потенцијал за вработување „финансиран од Европската Унија".

По добиените одговори може да се заклучи дека општините не спроведуваат посебни програми кои ја опфаќаат родовата еднаквост во образованието. Како одговор не беа наведени конкретните мерки што ги преземаат за подобрување на квалитетот на образованието и за вклучувањето на децата од маргинализираните групи освен програмата за остварување на детската и социјалната заштита во Ѓорче Петров и поединечниот проект кој воопшто не се однесува на делот на образованието во Општина Гази Баба.

# 3 Анализа на одговорите на прашалниците дадени на наставниците

По предметите за кои се одржуваа менторски дополнителни часови во основните училишта опфатени со проектот наставници исто така пополнија прашалник во кој дадоа свое видување за состојбите со образованието на учениците Роми во нивните училишта и за придонесот што го имаа од менторските дополнителни часови.

Нивната улога беше од исклучително значење со самото тоа што учествуваа во одредувањето на предметите кои ќе ги имаат со менторите, па така во ООУ„Страшо Пинџур" учениците имаа менторски час по човекови права-детски права, во ООУ„Ѓорче Петров" се одржуваа менторски часови по англиски јазик, во ООУ„Његош" менторски часови по македонски јазик и математика.

Генералното мислење за менторските часови како активност во основните училишта е дека тие имаат позитивно влијание и се од голема помош, како за учениците, така и за наставниците, меѓутоа потребни се подолготрајни напори за да се стигне до задоволувачкото ниво. Се смета дека се можност за појаснување на дел од материјата, за постигнување подобри резултати во учењето како и можност за претставување на позитивен пример од менторите Роми за успехот постигнат со помош на образованието. Бидејќи наставниците не се во можност да одржуваат дополнителни часови со истата група ученици оваа помош е добредојдена.

Во однос на знаењето на учениците Роми пред и по менторските часови, иако е рано даговори за тоа, забележана е поголема ангажираност и нијанси на подобрување во навиките за учење. При регуларното мониторирање на менторските часови, проектниот тим дојде до заклучок дека има зголемување на оценките по предметите по кои се одржуваат менторски часови особено во ООУ Његош во кое учениците со голем ентузијазам ги посетуваат овие часови.

Описот на односот на учениците Роми кон наставниците и кон соучениците, генерално е позитивен и се одликува со почит, послушност и соработка. Постои дружељубивост, но во многу наврати истата се карактеризира со групирање врз основа на националност. Не се забележани конфликти на часовите.

Конечно општ е заклучокот дека доколку има продолжување на менторските часови ќе има и подобрување на успехот на учениците Роми.

При личните посети на училиштата и во разговор со наставниците по завршувањето на првото полугодие, на прашањето дали има подобрување во редовната настава на учениците кои ги посетуваат менторските часови, од сите добивме потврден одговор за позитивното влијание на менторските часови за што покажува и напредокот и подобрениот успех на учениците.

> *„Кршете ги предрасудите, борете се секојдневно против нив, стремете кон промени и кон подобрувања, стремете кон успех."*
>
> ***– Наставничка во ООУ Ѓорче Петров***

# 4 Анализа на одговорите на прашалниците дадени на менторите

За потребите на овој проект, во улога на ментори за одржување дополнителни часови беа ангажирани четворица студенти од ромска националност и тоа студенти на Педагошкиот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски"Скопје за одржување менторски часови по математика и по македонски јазик, студент на Правниот факултет на ФОН Универзитетот за одржување менторски часови по човекови права – детски права и студент на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје за одржување менторски часови по англиски јазик.

Менторите како непосредно инволвирани лица се исто така еден од најрелевантните извори на информации за влијанието на активностите на овој проект. За таа цел на четворицата ментори покрај честите разговори, им беа дадени и прашалници за полесно сумирање на податоците.

Прашалниците беа составени од 10 прашања и тоа:

1. Опишете ги вашите импресии од овој ангажман.
2. Кое е вашето мислење за нивото на знаење на учениците за материјата од предметот кој го предававте?
3. Дали сметате дека вашите дополнителни- менторски часови се од корист и дали сметате дека продолжувањето на проектот би имало голема делотворност?
4. Опишете го односот на учениците кон вас?
5. Кои се вашите општи импресии од односот на училиштето кон вас?
6. Кои се вашите општи импресии од односот на училиштето кон учениците Роми?
7. Дали наидовте на проблеми при реализирањето на часовите?
8. Дали имате забелешки во однос на наставниците на училиштата?
9. Што сметате дека треба да се смени во ООУ каде предававте?
10. Која е вашата порака до учениците Роми.

Позитивните импресии на менторите укажуваат и на корисноста која овој проект ја дава во процесот на образование на учениците Роми. Часовите по математика, македонски и англиски јазик го дополнуваат јазот на нејасност која се создава за време на регуларните училишни часови, додека часовите по детски права ги поттикнуваат учениците на слободно размислување, дискусија и свесност за својата одговорност и за лојалноста на училиште, во семејството и на улица и влијаат врз подигнувањето на свеста за заштитата на детето како дел од општествениот систем.

> *„Ангажманот од идеја за себе содржи позитивни придобивки за сите вклучени страни, а крајно и за целото општество затоа што образованието е клучната алатка за долготрајна промена која треба да вроди со плод и темелна промена кај ромската популација "*
>
> ***Ментор***

На прашањето какво е нивното мислење за нивото на знаење на учениците по материјата од предметите кои ги предаваа, сите четворица ментори се сложни дека нивото на знаење е значително ниско и учениците немаат доволно познавања од материјата што се предава на редовните часови. Во обласга на човековите –детските права учениците не биле запознаени со многу концепти почнувајќи од суштината на правата и слободите кои треба да ги ужива поединецот, па до неговите обврски и задолженија кон поединците и кон институциите во општеството, како и кон другите општествено-правни односи од нашето секојдневие.

Меѓутоа светла страна на ова е нивната волја и расположеност за учење која е видлива кај сите ученици. Тие имаат голема желба да научат, вложуваат труд и менторите веруваат дека преку менторските часови учениците се здобијаат со мотивација да си го подобрат училишниот просек. Без никаква дилема, менторите се едногласни дека овие часови се од огромна корист и сметаат дека има потреба од продолжување со ваков или со сличен тип активности. Дополнителните часови им помагаат на учениците да го повторат и да го вежбаат веќе научениот материјал од редовната настава, но и во изучувањето на оние работи кои не успеале да ги научат или да ги разберат во редовната настава. Дополнително, менторските часови со себе носат дополнителни олеснувања во облик на користењето на мајчиниот јазик така што доколку имало нејасности, нејасностиите се објаснуван на мајчиниот јазик што значи дека е поголема веројатноста за нивно разјаснување. Поради истото, учениците чувствуваат поголема слобода на изразување, но и слобода за поблизок однос.

*„Имајќи предвид дека се работи за дечиња кои живеат во маргинализирани средини и поради немањето добри услови на живеење тие се потиснати, со изгубена мотивација и со намалена желба за професионален развој. Поради тоа, потребна им е поголема и додатна помош, а менторските часови со ментори Роми – личности со кои можат да се поистоветуваат, сметам дека се најдобар начин за нивно потпомагање,односно мотивирање и успешност.„*

***Ментор***

Од менторите беа предложени и активности за дополнителни мини школи на кои на часовите ќе се подготви посебен курикулум со практични проблеми, со поголем број интерактивни вежби но се разбира и со повеќе корисни информации. Продолжувањето на овие активности би овозможило повеќе време за пренесување на многу повеќе знаење и за успешно постигната цел подобрување на успехот на дечињата од ромска националност.

Односот на учениците кон, менторите тие го опишуваат како коректен, солиден заемен однос на комуникација, на дискусија и соработка. „..Учениците се свесни за улогата на менторите и истата ја почитуваат дотолку повеќе што нивните ментори се вид на позитивни примери и рефлексија на успех..“ Поведението кое учениците го покажуваат на часовите го карактеризираат како добар иако има диверзитет во заинтересираноста и во активноста на учениците.

Менторите беа одлично прифатени, од страна на целиот персонал на училиштето. Наставниците им излегоа во пресрет за многу податоци, овозможени беа соодветни училници за непречено држење на менторски часови, и одобрена беше наставната програма која ја изготвија менторите беа да се побара промена. Односот беше

генерално коректен и со успешна координација и усогласување на активностите кои се планирани, иако еден од менторите бил во ситуација да е сведок на предрасуди.

Како сведоци на односот на училиштата кон учениците, менторите се на единствен став дека иако генерално учениците се прифатени сепак постојат примери на сегрегација кој во училниците е најистакната низ распоредот за седење во клупите при што ромските ученици не ретко се на последните, задни клупи и за жал напати на нивниот успех и амбиции се гледа со скептицизам. Имајќи го сево ова на предвид, еден од менторите верува дека „..интервенирањето и во оваа компонента на недискриминација и солиден пристап на училиштето кон учениците никогаш не би било вишок на дејствија."

> *Образованието е клучот за преродба и алатката за долгорочна промена. Нема ништо повредно од тоа да се инвестира во самата личност, во личниот развој и да се биде со тек во предизвиците на современото општество. Учењето е како морска вода колку повеќе пиеш толку повеќе стануваш жеден.*
>
> **- Ментор**

Како предлог промени кои менторите сметаа дека треба да се вметнат се времетраењето на менторските часови, за што имаше заложби и во разговор со директорот на основното училиште па веднаш се договори продолжување на времетраењето на еден менторски час од 45 на 60 минути, сè со цел држење на поквалитетна настава. Исто така, се смета дека има исклучителна потреба од дополнителни часови за децата со потешкотии во учењето на кои очигледно официјалната дополнителната настава сама по себе не им е доволна. Дополнително, во програмите на училиштата потребно е воведување на предметот ромски јазик и култура, затоа што тој поради својата специфичност бара истакнување на заинтересираност и посветеност.

> *Сметам дека на младите Роми треба да им се даде поголема мотивација за развивање на сопствените амбиции и на желбата за успех и да им се помогне да се здобијат со сфаќање за моќта на образованието, како единствен пат до успехот.*
>
> **– Ментор**

# 5 Анализа на разговорите со родителите на ученици од основните училишта во општините Ѓорче Петров и Гази Баба

Во рамките на овој проект остварени беа средби со родителите на учениците Роми во основните училишта опфатени со активностите на овој проект. На средбите, родителите беа поканети писмено и усно од тимот на проектот, но и покрај тоа заинтересираноста за средбите во ООУ„Ѓорче Петров" и ООУ„Страшо Пинџур" беше многу мала, додека во ООУ „Његош" присуството на родители, старатели и роднини на учениците Роми беше во голем број.

На средбите беа потенцирани позитивните и негативните аспекти на основното образование во Република Македонија, односот на наставниците со родителите и со учениците Роми, важноста и потребата за образование на дечињата и задолжителната редовност на училиште.

Како системски недостаток на образованието е пренатрупаноста со предмети и напредна програма како и одредени карактеристики на односот наставник - ученик кои ја дефинираат положбата на ученикот како предмет на навреди и подреденост.

Односот на наставниците со родителите е опишан како коректен при што родителите се известени за напредокот на децата а и за било каков проблем кој ќе искрсне. Сепак, во ниту едно од трите училишта во Советот на родители нема членови од Ромска националност.

Во акцискиот план за декадата на Ромите во делот на образование, предвидено е зголемување на бројот на родители од ромска националност во Советите на родители, воведување на задолжителни програми за соработка со родителите на ромските деца и воведување на задолжителни програми за намалување на меѓусебните стереотипи и предрасуди. ИЧП по одржаните средби со родителите во основните училишта во општините Гази Баба и Ѓорче Петров се обиде да ги запознае родителите со можноста да учествуваат во овие совети со цел да бидат подобро претставени нивните барања. Воедно беше истакнато од нивна страна дека никогаш не учествувале во ова тело и не биле запознаени со неговата работа.

Дополнително, имајќи ја во предвид финансиската состојба на голем дел од маргинализираните групи во Р.М., огромен пропуст е тоа што и покрај училиштата се обврзани да ги обезбедат учениците со сите книги потребни за настава, овие ученици од училиштето не ги добиваат цели комплети книги. Останува на родителите, кои не секогаш се во можност, да купат дополнително книги за да го обезбедат целиот комплет за нивните деца да бидат во можност да ја следат наставата.

На прашањето дали во нивното училиште има изборен предмет *Ромски јазик и култура*, многу од родителите не беа информирани од наставниците дека имаат право да го изберат тој предмет. Имено, родителите искажаа заинтересираност нивните деца да го изучат Ромскиот јазик и култура не само како изборен предмет туку и да имаат и настава цело дневна со сите предмети на Ромски јазик со тоа што децата ќе покажат многу подобри резултати.

При посетата на училиштата воочлива беше сегрегацијата на Ромските ученици кои во најчести случаи беа сместени на последните клупи. Со ова, првите потешкотии кои се јавуваат во прво одделение од причини што учениците Роми не го познаваат македонскиот јазик се продлабочуваат со тоа што тие не се во можност да се фокусираат и да им се обрне доволно внимание имајќи во предвид дека се сместени на последните клупи. Во оваа насока, родителите упатија на нивните искуства од западно европските земји каде наставниците работат со учениците со потешкотии при учењето и прекувремено држејќи им дополнителни часови со цел подобрување на нивниот успех.

Од овие средби, исто така, произлезе и потребата за иницијатива од средбата со родителите во село Јурумлери, Општина Гази Баба, каде дојдовме до сознанија дека

родителите Роми не можат да ги запишат своите деца во градинките под изговор дека тие не се вработени.

Имајќи во предвид дека непосетувањето на пред школската настава и неконтинуираното образование е дел од причината за неуспехот во понатамошното образование ИЧП охрабри и посредуваше при испраќањето на иницијативата која ја потпишаа 26 родители на дечиња од претшколска возраст со ромска етничка припадност.

Проектниот тим правеше чести посети на учениците за време на менторските часови и во тие наврати се разговараше за нивниот училишен успех, нивните аспирации и желби за во иднина, за односот на нивните наставници кон нив, за нивниот однос кон нивните наставници, на која клупа седат, колку тие се дружат си помагаат и односот на нивните соученици, и дали и како менторските часови им помогнаа да си ги подобрат оцените во редовната настава. На прашањето кои е нивниот успех од претходната година голем дел викаа дека е нивниот успех бил доволен и добар, нивните идеални професии се разновидни од доктори, медицински сестри, полицаец, војник, наставник итн. Учениците се изјаснија дека наставниците се генерално незаинтересирани и неангажирани за нив, додека сметаат дека нивниот однос кон наставниците е коректен. Дечињата опишаа дека седат на последна клупа и не се во измешани групи. Кажаа дека иако тие сакаат да седат во првите клупи, наставниците не ги преместуваат тврдејќи дека е најдобро Ромите ученици да седат заедно во последна клупа. Соживотот со соучениците Македонци е генерално на ниско ниво со што и нема меѓусебно помагање. На прашањето дали им помагаат менторските часови за да си ги подобрат оцените во редовните часови, голем дел од нив беа задоволни и мотивирани да вложат труд во понатамошно подобрување. Учениците нагласија дека  тие се чувствуваат многу послободни и похрабри на менторските часови од причина што менторот е од ромска националност поради што го чувствуваат многу поблизок.

При овие разговори учениците беа поттикнати да се борат за своите права и им беше укажано на тоа дека со редовност на часовите и со вложен труд може да си ги остварат сите свои замисли и дека само преку образованието може да го добијат тоа што го сакаат.

По завршување на зимскиот распуст проектниот тим имаше повторна средба со учениците и на таа средба беа информирани за подобреното поведение и повисоки оценки за еден или два степени. Исто така, што е од голема важност самите ученици побарале од нивните наставниците да бидат измешани во распоредот на седење во клупа со нивите соученици Македонци, при што неколку од учениците беа преместени од последна кулпа и распоредени со соученик Македонец. Меѓутоа, за жал, има и случај кога иако ученикот го побарал тоа неколку пати неговата молба не била земена во предвид како и случај во кој иако ученикот добил висока оцена на тестот, на истиот му било кажано дека тој не е способен да ја добие таа оцена и му бил искинат тестот пред целиот клас.

# III. Состојби и предизвици на ромските девојчиња во образовниот процес

Постигнувањето родова еднаквост во сите процеси во општеството треба да претставува главен приоритет. Овде од особена важност е да се има посебен пристап при креирањето политики кои ги засегаат жените кои припаѓаат на ромската етничка заедница.

Р.М. како дел од приоритетите одредени со Стратегијата за Ромите има усвоено и посебен Национaлн акциски план за унапредување на општествената состојба на Ромките за 2011-2013 година. Овој план опфаќа четири приоритетни области за дејствување и тоа: вработување, здравство, образование и човекови права и негова главна цел на овој е унапредување на статусот на жената Ромка и нејзино интегрирање во сферите на општественото живеење.[15] Меѓу другото, активностите на овој акциски план опфаќаат и зголемување на бројот на Ромки со завршено основно и средно образование преку детекција на точен број Роми и Ромки кои го напуштиле образованието и нивно вклучување во образовниот процес.

Особено впечатливо е дека како појдовна точка на која се заснова овој акциски план се наведени „напорите кои доаѓаат од меѓународните фактори во однос на промоцијата и поддршката на родовите прашања“[16]без притоа да се вклучат специфичните потреби што ги има жената Ромка, без да се спомене деталната анализа на терен која поединечно и детално ќе ги утврди проблемите со кои се соочуваат жените од оваа заедница.

Акцискиот план во делот на образованието предвидува зголемување на бројот на Ромки со завршено основно и средно образование преку детекција на точниот број Роми и Ромки кои го напуштиле образованието и нивно вклучување во образовниот процес а воедно предвидува и анализа на потребата за дизајнирање скратена наставна програма за вклучување во образовниот процес за група на возраст од 8 до 15 години. Меѓутоа иако временската рамка на овој акциски план е завршена, не може со сигурност да се утврди напредокот во однос на родовата еднаквост во образовниот процес иако генерално бројката на вклучени Роми во образовниот процес е зголемена. Поголем акцент во Акциониот план е ставен на вработувањето, иако несомнено е проблем чие што решавање е најпотребно, меѓутоа причините за невработеноста треба меѓу другото да се бараат и во образованието и во нееднаквоста на пристапот до квалитетно образование.

15. Министерство за труд и социјална политика, Национален акциски план за унапредување на општествената положба на Ромките во РМ (2011-2013), Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/?ItemID=6FC822BBA79A61429117F41943673AE4, Пристапено на: 07.01.2016.

16. Годишен извештај за имплементација на Националниот акциски план за унапредување на општествената состојба на Ромките во Република Македонија 2011-2013. 2011 година. Достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/izvestaj_%20NAP_%20Romki.pdf. Пристапено на: 09.02.2016

Табела 18. Вкупно број на запишани ученици - Роми по учебна година во основно образование по пол

| Учебна година | Машки | Женски | Вкупно ученици Роми |
|---|---|---|---|
| 2005/06 | 4469 | 3940 | 8409 |
| 2006/07 | 4441 | 3940 | 8381 |
| 2007/08 | 5268 | 4882 | 10150 |
| 2008/09 | 5421 | 5130 | 10551 |
| 2009/10 | 5528 | 5225 | 10753 |
| 2010/11 | 5410 | 5103 | 10513 |
| 2011/12 | 5103 | 4821 | 9924 |
| 2012/13 | 4979 | 4899 | 9878 |
| 2014/15 | 4866 | 4640 | 9506 |
| 2015/16 | 4502 | 4235 | 8737 |

**Информациите се добиени од страна на МОН и Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците.*

Преку овие податоци можеме да заклучиме дека бројот на запишани ученици Роми од 2007 година па наваму постепено се зголемува. Воедно се забележува зголемување на бројот на запишани девојчиња иако бројката на запишани машки секоја година е видно поголема од бројот на запишани женски ученици.

Од страна на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер добивме Вкупен број на завршени ученици Роми во 2014/15 година но број на завршени ученици по пол не беше достапен.

Табела 19. Вкупен број на завршени ученици Роми во 2014/2015 г.

| Учебна година | Вкупно ученици Роми |
|---|---|
| **2014/15** | 8641 |

Ако го споредиме вкупениот број на завршени ученици Роми во учебната 2014/15 година со бројот на запишани ученици од претходната табела, можеме да заклучиме дека бројот на запишани ученици Роми со бројот на завршени ученици Роми во учебната 2014/15 година не соодветствува во целост.

Како еден од главните проблеми за напуштање на образованието особено на ромските девојчиња најчесто се наведуваат малолетничките бракови.

Според Законот за семејство на Република Македонија брак може да склучи лице кое наполнило 18 години од животот. Надлежниот суд може, во вонпарнична постапка, да дозволи склучување брак на лице кое наполнило 16 години од животот ако утврди дека достигнало телесна и душевна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во бракот, а по претходно прибавено мислење од здравствена установа по укажана стручна помош во Центарот за социјална работа.[17]

ИЧП побара од Министерството за труд и социјална политика (МТСП) - Сектор за социјална заштита, преку слободен пристап до информации од јавен карактер, точен број на поднесени барања за малолетничките бракови во Р. Македонија и колку од нив се однесуваат на лица од ромска етничка припадност.

Во предвидениот рок од МТСП добивме одговор дека според извештајот на ЈУ Завод за социјални дејности, изготвен врз основа на податоци доставени од 30 центри за социјална работа достапни преку базата Лирикус, вкупната бројка на малолетнички бракови во 2013 година изнесувала 164 додека во 2014 година изнесувала 196 бракови.

Табела 20. Податоци за малолетнички бракови според етничка припадност во 2013 и 2014 година

| **Етничка припадност** | **Број на малолетни лица кои со наполнети 16 години сакаат да стапат во брак** | |
|---|---|---|
| | Состојба до 31.12.**2013** год. | Состојба до 31.12.**2014** год. |
| **Македонци** | 56 | 52 |
| **Албанци** | 44 | 60 |
| **Роми** | **28** | **38** |
| **Турци** | 22 | 33 |
| **Бошњаци** | 1 | 1 |
| **Власи** | 0 | 0 |
| **Срби** | 1 | 1 |
| **Не се изјасниле** | 2 | 2 |
| **Останато** | 6 | 5 |
| **Непознато** | 4 | 4 |
| **Вкупно** | **164** | **196** |

17. Закон за семејство, Сл. весник 2010 / 67, член 16.

Табелата 20 ни покажува дека според пописот во 2002 година бројот на Роми во Р.М. изнесува 2,66 % од вкупното население, додека бројот на малолетнички бракови кај ромското население според добиените резултати изнесува околу 17 % за 2013 година и 19.38 % за 2014 година од вкупниот број на малолетнички бракови. Албанското население изнесува 25.17% од вкупното население а бројот на малолетнички бракови кај албанското население изнесува 26% во 2013 година и 30% во 2014 од вкупниот број на малолетнички бракови. Македонците како најбројно население застапено со 63.18% според добиените податоци склучиле 34% од малолетничките бракови во 2013 година со надолен тренд кој во 2014 година изнесува 26% од вкупниот број на малолетнички бракови. Имајќи ги во предвид овие статистички податоци може да се заклучи дека процентот на малолетнички бракови кај ромската популација е голем споредено со бројот на Роми утврден со последниот попис во Р.М.[18],односно мал е процентот кој ромското население го зафаќа во вкупното население во Р.М., но голем е процентот кој склучените малолетнички бракови од страна на припадници на ромската заедница го зафаќаат од вкупниот број на малолетнички бракови во Р.М..

Овде е од значање да се напомене дека добиените податоци претставуваат само бројка на официјално склучени малолетнички бракови додека неофицијалните бројки можат да бидат многу повисоки, но нивната бројка е многу тешко да се утврди. Причина за ова е што многу од девојчињата сè уште немаат наполнето 16 години и немаат право да побараат одобрение од релевантните органи за стапување во брак додека во некои случаи се јавува неодобрување од страна на родителите поради што и се одлучуваат на вонбрачна заедница.

На средбите со родителите во основните училишта во општините Гази Баба и Ѓорче Петров, тимот на ИЧП ги праша присутните родители на децата од ромска етничка припадност за присуството на малолетнички бракови во нивната заедница. Добивме повеќе одговор меѓу кои од една мајка чија што ќерка непосредно пред седбите на неполни 15 години го напуштила образованието и започнала вонбрачна заедница и покрај неодобрувањето на родителите и нивно инсистирање да го продолжи средното образование. Сите родители беа согласни дека работите постепено се менуваат и дека бројот на малолетнички бракови е намален за разлика од минатото и дека ретко кој родител го одобрува предвременото напуштање на училиштето. Меѓутоа мораме да констатираме дека многу повеќе треба да се работи во однос на свесноста за постигнување родова еднаквост за да целосно се надмине овој проблем кој особено ги опфаќа ромските девојчиња.

Со работата на терен но и со прибирањето податоци од најразлични нивоа на извори, очигледна беше битката која девојчињата Ромки ја водат секојдневно растргнувајќи се меѓу стереотипите, вредностите, модерното општество, нивната култура и традиција, меѓу желбите и можностите.

Согледувајќи ја потребата од континуирано мотивирање и од поддршка за девојчињата Роми во врска со образовниот процес проектниот тим на „ Унапредување на правото на образование на децата роми со посебен фокус на девојчињата Ромки" додаде дополнителна активност со која би се постигнал силен ефект.

18. Според резултатите од пописот од 2002 година, Македонци се 64,18 %, Албанци 25,17%, Турци 3,85 и Роми 2,66 %. Достапно на страната на МТСП: http://www.mtsp.gov.mk/wbstorage/files/strategija_romi.pdf. Пристапено на : 19.02.2016.

Имено, активностите на проектот беа надополнети со документарно видео „Образованието - прозорец на можности за девојчињата Ромки‘ кое се состои од пораки на образовани, успешни и влијателни личности од македонското општество. Во видеото учество зедоа тројца мажи и 26 жени, од кои 23 од ромска националност и 6 од македонска, кои претставуваат позитивен пример и мотивација за важноста на образованието во животот на успешните жени.

Документарното видео има две цели. **Првата цел** на видеото е да се мотивираат ромските девојчиња од основните и средните училишта да продолжат со своето образование и да им се прикажат позитивни примери на жени и девојки Ромки кои преку образование оствариле голем успех, станале почитувани и истакнати во своите професионални кругови, и носат општествено одговорни одлуки не само за Ромите туку и за сите граѓани на Р.М. **Втората цел** е да се прикаже на сите граѓани на Р.М. дека стереотипите треба да се срушат  и дека нивното постоење е неосновано имајќи го предвид сè поголемиот број жени Ромки кои се високо-образовни  и се вклучени во сите сегменти во општеството.

Во видеото учество зедоа учество професори, декани и носители на функции во видни институции како Народен правобранител на Р.М., МТСП на Р.М., Министерство за култура на Р.М., претставник од кабинетот на Претседателот на Р.М., од Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД), адвокат, претседатели на невладини организации итн. Во документарното видео, исто така,  учество зедоа и проектниот координатор на проектот „Унапредување на правото на образование на децата Роми, со посебен фокус на ромските девојчиња“, и ученички во основно, средно, и високо образование во кои со своја порака ги охрабрија девојчињата Ромки да го продолжат своето образование доловувајќи ги сите благодати кое тоа го носи со себе.

Во видеото успешните жени Ромки го раскажуваат својот пат до успехот, се преставуваат себе си и свето образование, и со самото тоа стануваат одлични примери за силата на образованието во градењето на карактерот и животот на една жена.

Главна целна група на ова документарно видео се девојчињата Ромки во основно и средно образование.

# Заклучоци и препораки

**Заклучоци:**

- Задолжителната дополнителна настава која е предвидена за учениците во основните училишта во двете општини опфатени со проектот речиси воопшто не се одржува;

- Законската обврска за изучување на ромскиот јазик како изборен наставен предмет во училиштата од општините опфатени со проектот не се изучува и покрај покажаната заинтересираност од страна на родителите на учениците Роми нивните деца да го изучуваат Ромскиот јазик и култура;

- Нередовното посетување на наставата од страна на учениците Роми произлегува од неинформираноста за придобивките од образованието како и од финансиската неможност на семејствата да им обезбедат дополнителен училишен прибор и нагледни средства, ужина и топла облека во зимскиот период;

- Зголемената концентрација на ученици Роми во едно училиште за сметка на други училишта укажува дека сѐ уште постои одреден степен на сегрегација на учениците Роми во основните училишта во општините опфатени со проектот;

- Главна причина за барање на исписница од училиштата од страна на ромските ученици е поради промената на местото на живеење односно нивно иселување во западно-европските држави или поради промена на училиштето;

- Најголемиот процент од поднесените прекршочни пријави од основните училишта во општините Ѓорче Петров и Гази Баба се поднесени против родителите на учениците Роми поради непосетување на наставата од страна на нивните деца;

- Малолетничките бракови склучени од страна на припадниците на ромската етничка заедница се процентуално најбројни ако се има предвид бројот на Ромите во однос на вкупниот број на граѓани на Република Македонија;

- Еден од предизвиците на учениците Роми од одделенска настава е јазичната бариера во однос на целосното разбирање на наставниот материјал кој се предава на македонски јазик што се рефлектира на нивниот успех по некои наставни предмети.

**Препораки:**

- Потребно е надлежните институции да обезбедат дополнителни инструменти со цел овозможување континуирано следење на наставата од страна на ромските ученици, како и задолжително одржување на дополнителна настава на ромските ученици заради совладување на наставниот материјал;

- Да се размисли во насока на воведување на афирмативни мерки со цел поттикнување на ромските студенти за изучување на ромскиот јазик на факултетите каде постои можност за изведување на настава на ромски јазик, како и подигање на свеста за значењето на Ромите со високо образование како иден наставен кадар;

- Да се направат напори да се интегрираат учениците Роми преку практикување на мешан состав на паралелките (од сите етнички заедници) со поттикнување на заедничко извршување на училишните обврски и активности и искоренување на досегашната пракса за сместувањето на учениците Роми во последните училишни клупи која беше воочена при спроведување на проектот;

- Да се размисли за можноста од воведеување на предметот Ромски јазик и култура како задолжителен наставен предмет за учениците Роми наместо постоечката можност да се изучува овој наставен предмет како изборен во основните училишта каде што има мнозинство ученици Роми;

- Да се овозможи полесна и побрза реинтеграција на учениците Роми вратени од западно европските земји;

- Да се овозможи зголемена информираност за значењето на образованието преку најразлични алатки кои што ќе бидат родово сензитивни и ќе се обидат да ја пренесат важноста од продолжување на образованието и ќе го намалат предвременото напуштање на задолжителното образование, посебно од страна на ученичките Ромки;

- Поголема информираност на родителите Роми за постоење на Совет на родители во училиштата како орган кој се грижи за подобрување на воспитно-образовниот процес на учениците и зголемување на нивната инволвираност во истиот, преку кој тие би можеле да поттикнат иницијативи за решавање на специфините проблеми кои се однесуваат на ромските ученици;

- Да се зголеми улогата на невладиниот сектор преку организирање на почести информативни работилници за родителите Роми и истакнување на значењето на образованието и нивната улога како родители во образовниот процес на нивните деца особено на девојчињата Ромки;

- Во училиштата каде што има поголем број на ромски ученици да се спроведуваат проекти со цел промовирање на ромската култура и традиција и соживот со останатите ученици и родители кои не се од ромска етничка припадност, сѐ со цел рушење на стереотипите и предрасудите кои постојат и

јакнеење на свеста за родова еднаквост уште од најмала возраст;

- Заедничка соработка  на државните органи и невладиниот сектор со цел изготвување на стратегии кои се однесуваат на родовата еднаквост со посебен осврт на ромските девојчиња;

- Потребно е да бидат спроведени повеќе истражувања од страна на сите засегнати страни со кои ќе се анализира и утврди состојбата со бројот на ученици Роми и Ромки и особено причините поради кои тие го напуштаат образованието предвреме.

# БЕЛЕШКИ








закон
право







